ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 јануари 2020 година, донесе

# ПРОГРАМА „ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ" ЗА 2020 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Кардиоваскуларните и респираторните болести се најчести заболувања кај населението како во светски рамки така и во Република Северна Македонија.

Зголемениот крвен притисок, зголемени маснотии во крвта, дебелината, дијабетот, неправилната исхрана, недоволната физичка активност, злоупотребата на алкохол и тутун се најчести ризик фактори за настанување на кардиоваскуларните заболувања. Најзначајните ризик фактори за појава на незаразни болести, можат да се спречат и да се контролираат.

Масовните незаразни болести се водечка причина за смрт и инвалидитет ширум светот.

Причинители на висока зачестеност на масовни незаразни болести во последните децении од дваесеттиот век и почетокот на овој век се значајните и брзи промени во начинот и стилот на живот на современиот човек. Најмногу се изразени промените во начинот на исхрана, нивото на физичка активност, зголемената употреба на алкохол и тутун. Во интеракцијата на физичката активност, храната, исхраната и на здравјето на луѓето, вклучени се следните релевантни аспекти: енергетската потрошувачка преку физичката

активност како важна компонента на енергетската рамнотежа што ја определува телесната тежина.

Превентивните прегледи за навремена контрола на крвниот притисок, телесната тежина, одредување шеќер и маснотии во крвта се битен елемент за навремено спречување на појава на кардиоваскуларни заболувања.

Едукација на населението за потребата од навремени превентивни прегледи за контрола на сопственото здравје е битен фактор за рано откривање и спречување болести.

Параметри на здравјето кои е потребно да се следат се: крвен притисок, телесна тежина, висина, индекс на телесна маса, шеќер и маснотии во крвта. На граѓаните потребно е во исто време да им се даваат и конкретни совети за грижа за сопственото здравје како совети за промоција на здрави животни стилови, поддршка за откажување од штетни животни навики, одвикнување од пушење, за начинот на исхрана и заштита од високите температури, важност на превентивните прегледи.

1. Материјални трошоци за спроведување на акции за бесплатни прегледи од страна на здравстевени домови по една акција на секои два месеци - Со оваа активност на сите граѓани им се дава можност да извршат бесплатен превентивен преглед и тоа независно од нивниот статус на здравствено осигурување.

Активностите се состојат во бесплатни лекарски прегледи, мерење крвен притисок, телесна тежина и висина, индекс на телесна маса, одредување шеќер и маснотии во крвта и други лекарски совети. Резултатите од мерењата се соопштуваат на лице место.

При прегледите се даваат и совети за грижа за здравјето, начин на исхрана, заштита од високите температури, а се делат и промотивни печатени едукативни материјали за правилен начин на живот и исхрана.

Активностите се спроведуваат на отворен и затворен простор во зависност од временските прилики, а за местото, денот и времето на спроведување на прегледите, населението ќе биде известено преку локалните медиуми и месните заедници.

Секој Здравствен дом треба да обезбеди по шест акции на годишно ниво, во рурално подрачје.

Динамиката на спроведување на активностите ќе биде еднаш на два месеци и тоа по една акција во следните периоди - (од 01.01.2020 до 28.02.2020 год), (од 01.03.2020 до 30.04.2020 год), (од 01.05.2020 до 30.06.2020 год), (од 01.07.2020 до 30.08.2020 год), (од 01.09.2020 до 30.10.2020 год) и (од 01.11.2020 до 31.12.2020 год).

Здравствените тимови ќе бидат составени од лекар, медицинска сестра и возач.

Резултатот од анализата ќе се евидентира во евидентен лист и се доставува до Институтот за јавно здравје на Република Македонија.

Извршители - Здравствените домови

2. Обработка на податоци од мерењата при здравствениот преглед и извештај

Извршители - Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

3. Активности за превентивни прегледи при топлотни бранови кои ќе бидат спроведени од страна на сите здравствени домови

Извршители - Здравствените домови

4. Истражување, мониторинг и евалуација - Истражување за причини за немотивираност на пациенти за прекин на пушење

Извршители - Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

5. Обуки за здравствени работници на тема - откажување од пушење - За таа цел се подготвува модул со печатени едукативни материјали и одржани 4 семинари со вклучени по 50 здравствени работници по семинар

Извршители - Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

6. Организирање на кампања за здрав живот - Организирање на прес конференции, учество во ТВ емисии, дистрибуција на брошури за здрав живот и орално здравје

Извршители - Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

7. Трошоци за гориво за Рурални Концесионери - над 25 км оддалеченост од здравствениот дом до руралните концесионери и минимум 200 пациенти. За остварување на оваа активност ќе се обезбедат трошоци за гориво за руралните доктори (над 25 км одалеченост и минимум 200 пациенти) со месечна исплата по реално направени трошоци (10% од цената на литар гориво за соодветното возило на поминат километар, сметано според видот на горивото што го користи возилото).

За реализација треба се се објави нов оглас.

Извршители - Руралните концесионери

8. Промотивни активности за превенција и контрола на незаразни болести Одбележување на денот на срцето и други активности кои се поврзани со превенција од кардиоваскуларни заболувања и фактори на ризик.

Извршители - Клиника за кардиологија во соработка со Граѓанско здружение од областа

9. Обуки за здравствени работници на тема сексуално и репродуктивно здравје во општини каде има поголем број лица со попреченост - За таа цел е подготвен модул и едукативен материјал и да се одржат 4 семинари со кои ќе бидат опфатени гинеколози, матични лекари и сестри.

Извршители - Медицински факултет Скопје - Центар за семејна медицина

10. Обуки за здравствени работници за работа со деца со пречки во развојот и лица со попреченост жртви на насилство во општини каде има поголем број на лица со пречки во развојот - За таа цел е подготвен модул и едукативен материјал, и да се одржат 4 семинари со кои ќе бидат опфатени гинеколози, матични лекари и сестри.

Извршители - Медицински факултет Скопје - Центар за семејна медицина.

11. Проект Ало докторе
Целта на функционирањето на телефонската линија за медицинските совети/Ало докторе е обезбедување со содветни здравствени услуги, односно консултации и упатства за граѓаните при појава на првични симптоми за кој не е неопходен итен медицински третман (главоболка, настинка, покачена температура). Граѓаните кој се јавуваат во повикувачкиот центар на телефонската линија 15123 имаат можност во тек на 24 часа да добијат стручен медицински совет и доколку има потреба пациентот се упатува во Итната медицнска помош или се советува да закаже преглед кај содветен специјалист.

Извршител - Здравствен дом Скопје

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на оваа програма е активен пристап до граѓаните од руралните средини, контрола на нивното здравје, навремено и соодветно лекување и препораки за превенција на здравјето.

## III. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

За време на припремните активности за целосно и навремено спроведување на оваа програма се организираат средби со одговорните лица на здравствените установи - извршители на активностите. Воедно, навремено се обезбедуваат потребните медицински материјали, промотивни материјали и друг потребен инвентар.

За таа цел ќе се спроведат следните активности:
- Список со одговорни лица по здравствени установи и нивни телефонски броеви.
- Координатори на активностите се Здравствените домови за своето подрачје.
- Календар со локалитети за поставување на пунктови за вршење на превентивните прегледи (на два месеци).
- Евидентен лист за индивидуалниот превентивен преглед, со содржината за антропометриските мерења за определување на индексот на телесна маса, мерење на нивото на шеќерот и холестеролот во крвта и крвниот притисок.
- Набавка на апарати за анализа, ленти за одредување на шеќерот и холестеролот во крвта и ланцети.
- Подготовка на анкетните листи во постоечкиот софтвер.

## IV. ЕВАЛУАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВРШЕНИТЕ ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕГЛЕДИ

Секој извршен превентивен преглед се евидентира во посебен евидентен лист кој се доставува до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

По обработката на добиените индивидуални листи за вкупниот период Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија изготвува студија за добиените резултати од превентивните прегледи по здравствени домови на ниво на државата со препораки за подобрување на здравствената состојба кај граѓаните.

V. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА

Табела 1.



Извршители на оваа програма се Здравствените домови, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и Медицински факултет Скопје - Центарот за семејна медицина.

Неизмирените обврски кон извршителите за 2019 година ќе бидат исплатени во текот на 2020 година.

Оваа програма ќе се реализира во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во износ од 3.800.000,00 денари.

VI. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 45-10270/1-19 | Претседател на Владата |
| 8 јануари 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |